**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за ангажирање на**
**“Компанија за подготовка на национална методологија за проценка на попреченост”**
**(реф.бр. MK/SIAP #2.1.3.4)**

**Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)**
**Кредит Бр: 9036 –МК**

**Консултантски услуги – Консултантска компанија**

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот бр. MK/SIAP # 2.1.3.4 што ќе се склучи со компанија за подготовка на национална методологија за проценка на попреченост.
Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: http://www.mtsp.gov.mk/siap-proekt-za-administriranje-na-socijalnotoosiguruvanje.nspx

Компанијата треба да ги поседува следниве квалификации( критериуми за селекција на компании на кратка листа):

- Во последните 5 години треба да има докажано искуство во обезбедување услуги во јавниот сектор на национално ниво.
- Во последните пет години треба да има реализирано најмалку две задачи во областа на попреченост или во здравствениот сектор поврзани со попреченост.
- Докажано искуство во имплементирање задачи поврзани со проценка на попреченост.
- Докажано искуство во спроведување на обука за проценка на попреченост или во слична област.
- Валиден Сертификат ISO 9001.
- Најмалку 10 редовно вработени лица.

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани компании (консултанти) да изразат интерес за овој ангажман. Заинтересираните компании треба да достават информации со кои ќе прикажат дека имаат потребни квалификации и искуство за вршење на бараните услуги (портфолио на фирмата, листа на реализирани слични проекти со опис на активностите, вредноста на договорите,

договорниот субјект/клиент, локација/земја на проектот, времетраење, процент извршен од консултант во случај на здружување на фирми или поддоговори и главни активности, придружени со потврди за исполнување на договорните обврски). Кратки биографии од предложен тим на експерти од страна на компаниите нема да бидат предмет на евалуација во оваа фаза за избор на компании на кратката листа.

Консултантските компании можат здружено да аплицираат со цел да ги зголемат своите квалификации. "Здружувањето" може да биде во форма на заедничко вложување (Joint Venture) или во форма на под-договарач. Во случај на заедничко вложување, при воспоставувањето на кратката листа на квалификувани консултанти, квалификациите на сите партнери ќе бидат евалуирани здружено иситe партнери од вложувањето заеднички и индивидуално ќе одговараат за извршувањето на договорот, кој ќе биде потпишан од сите партнери назаедничкото вложување. Квалификациите на под-договарачот не се зимаат во предвид. Во апликацијата заинтересираните консултанти јасно треба да го наведат видот на нивното здружување и обврските на партнерите и под-договарачите. Нејасните апликации - изрази на интерес во вид на "во соработка со" и/или "поврзан со" и др. можат да не бидат земени во предвид при воспоставувањето накратката листа. Водејќи се од принципот еден израз на интерес по компанија, консултантските компании можат да изберат дали ќе аплицираат како како под-договарач, како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Ве молиме да имате во предвид дека во иста набавна постапка една компанија може да достави само еден израз на интерес било како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Една компанија не може да биде под-договарач и да настапува индивидуално или како партнер во заедничко вложување во иста набавна постапка. Доколку компанијата настапува како под-договарач на индивидуален консултант или на заедничко вложување, истата може да биде под-договарач на повеќе од еден апликант.

Методот за избор е "Избор базиран на квалификациите на консултантот" согласно "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017година и август 2018 година", достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со Проект за подобрување на социјалните услуги, од 08.30 до 16.30 часот, на е-маил: sanja.andovska@mtsp.gov.mk и maja.bundaleski@mtsp.gov.mk.

Изразите на интерес треба да бидат доставени по електронска пошта на следнава адреса maja.bundaleski@mtsp.gov.mk и sanja.andovska@mtsp.gov.mk.

Документите со кои се изразува интерес (на македонски или англиски јазик) мора да бидат доставени најдоцна до 04.08.2022 година,